# КОМЕНТАРИ И ПРЕДЛОЗИ ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА АНАЛИЗАТА ОД ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ

Коментари  и забелешки од здружението за хумано општествен развој „Проект Среќа“

Здружение за хумано - општествен развој

ПРОЕКТ
СРЕЌА
СКОПЈЕ

- Пред се за добро функционирање и одржливост на работата и проектите на граѓанските организиации неопходна е добра соработка со институциите и меѓусебна поддршка. Долгорочното финансирање на одредени проекти кои граѓанските организации ги спроведуваат а е споемнато во Анализата е повеќе од потребно. Со долгорочно финасирање се поддржува работата на ГО, се потврдува нивниот труд за општеството и корисноста која тие проекти ја имаат, се обебзедува одржливост и сигурна реализација на проектите и се воспоставува сигурна можност за преглед на долгорочениот ефект од работењето. Имплементацијата на долгорочните проекти од страна на ГО и нивната финансиска поддршка од страна на институциите споменати во Анализата допринесуваат за подобра ангажираност на кадрите и лицата вклучени во истите , подобар квалитет и стабилност на реализација. Подолгорочните проекти даваат поголем реален допринос за општеството и финансиската поддршка на истите од страна на иснитуциите го олеснува континуитетот во работењето и квалитетот на реализација.
- Воспоставувањето на независен орган- фонд за поддршка и развој на граѓанското општество е многу потребен и неговата корисност за развој на ГО би бил од особена важност. Можноста за пристап и финансиска поддршка во текот на целата година е исто така многу важен за квалитетно функционирање и одржување на ГО.
- За периодот на пријава за проекти подобро е рокот да е подолг од 15 дена, односно периодот од 30 до 45 дена е доволен за пријава.